# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Број 17 и 18
мај - јуни 2015 година


## ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ТРУДОТ, 1-ВИ МАЈ

**1.5.2015**




Слика 1. Денешниот марш на солидарноста

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) заедно со Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС) го одбележаа Меѓународниот ден на трудот, 1-ви Мај.

Марширајќи солидарно синдикатите и членството на ССМ и КСС преку банери, транспаренти, знамиња и соодветни обележја на ССМ и КСС, ги истакнаа пораките од првомајскиот манифест:

- Колективни договори за сите;
- За сигурни работни места, работен однос на неопределено време;
- Сигурни плати за сите работници;

Учесниците на маршот тргнаа од платото пред зградата на ССМ во правец покрај Собранието на Р. Македонија, Триумфалната капија и плоштадот „Македонија“, каде што беа дочекани од голем број на граѓани кои ја изразија поддршката кон одбележувањето на 1-ви Мај, Меѓународниот ден на трудот.




Слика 2. ССМ и КСС на заедничкиот Марш на солидарноста

На плоштадот „Македонија“ претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и ВД претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС), Благоја Ралповски го прочитаа првомајскиот манифест:



Слика 3. Читање на Првомајскиот Манифест пред медиумите

# МАНИФЕСТ
# 1-ВИ МАЈ 2015
# МАРШ НА СОЛИДАРНОСТА

„Први мај, меѓународниот ден на трудот е ден кога уште еднаш се потсетуваме на историската борба на работниците за подобри работнички права и посигурна и подобра социјална и економска положба за нив и нивните семејства.

Ваквата борба станува се повеќе и повеќе актуелна во услови на се уште поприсутната светска, економска, финансиска и должничка криза. Тоа е предизвик за сите чинители во општеството во целина, а посебно за нас синдикатите кои што како никогаш порано се исправени пред потребата да настапат единствено, солидарно, со заедничка доверба како носители на гласот на работникот но и на граѓанинот. Како претставници на работниците, марширајќи солидарно на овој ден бараме понатамошно подобрување на социјалната и материјалната положба на работниците и граѓаните во РМ, доследно почитување и примена на работничките права на сите нивоа, бараме елиминирање на опасноста од нееднаквост на работниците, елиминирање на разликите и третманот на работниците во приватниот и јавниот сектор. Бараме и анализа на законите кои предизвикуваат грижа и нерамноправен третман на работниците во приватниот сектор и државната администрација. Бараме натамошно унапредување на социјалниот дијалог и вклученост на синдикатите при подготовка на сите закони за работниците во приватниот и јавниот сектор, безбедни и здрави услови за работа, бараме што побрзо разрешување на сите економски, социјални и политички кризи како би овозможиле мир и спокоен живот на работниците и граѓаните во РМ.




Слика 4. Плакат

Оваа година чествувајќи го 1-ви Мај, здружени сите синдикати учесници во синдикалното движење во РМ, марширајќи солидарно посебно ќе се фокусираме и бараме од надлежните социјални партнери:

- Потпишување на колективни договори на сите нивоа, како во малите и средни претпријатија, така и во големите, како во приватните фирми, така и во приватниот сектор, како за работниците со сите права, така и за вработените во јавниот сектор и администрацијата;
- Бараме обезбедување на сигурни работни места, обезбедување на траен работен однос, работен однос на неопределено работно време како предуслов за мирен и спокоен живот на Слика 4. Изјава за медиуми работниците и нивните семејства;
- Бараме обезбедување на сигурни плати за сите работници, плати кои ќе обезбедат пристоен живот за работниците и нивните семејства. Во оваа смисла ќе настојуваме да обезбедиме и имплементираме протокол за социјален напредок.

Поаѓајќи од нашите активности за обезбедување на социјална правда, натамошни вработувања, социјална инклузија, еднаквост, рамноправност, солидарност, политичка, етничка, верска и национална толеранција, економски раст и раст на работничките права, на сите работници и граѓани на РМ им го честитам 1-ви Мај, меѓународниот ден на трудот“.

# XIX КОНГРЕС НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА (ССМ)

**21.5.2015**




Слика 1. Претседателот на ССМ, д-р Митревски на XIX Конгрес на ССМ

На 21 мај 2015 година во хотел Инекс Парк Горица, Охрид се одржа XIX Конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ).

На Конгресот присуствуваа 98 делегати од 17 гранкови синдикати, здружени во ССМ, голем број гости, соработници и социјални партнери од земјата регионот и Европската конфедерација на синдикати (ЕКС).

Претседателот д-р Живко Митревски, како единствен кандидат на овој конгрес ја доби поддршка од сите 98 делегати присутни на конгресот, со што беше едногласно избран за претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) во наредниот мандатен период.

Воедно на конгресот беа усвоени Програмата за дејствување на ССМ во периодот 2015-2020, како и Резолуција за заедничко дејствување, акционо единство и јакнење на позицијата на ССМ во општеството.

Повеќе информации може да најдете на следниот линк: http://www.ssm.org.mk ИЗВЕШТАЈ XIX КОНГРЕС ССМ 28.5.2015

# ОСТВАРЕНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА АЛБАНИЈА

**15.5.2015**

Во рамките на посета која се реализира во Сојуз на здружението на пензионери на Р. Македонија, претседател Драги Аргировски и претседателот Кол Николај Сојузот на синдикати на Албанија (KSSH) беше остварена и работна средба со претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

На оваа средба претседателите разговара за повеќе значајни теми во однос на законите кои се однесуваат на работниците и пензионерите. Разговорите беа во насока на изнаоѓање на начини на подобрување на положбата на работниците и пензионерите.

На крајот на средбата беа договорени идни соработки за организирање на средби за размена на искуства помеѓу синдикатите како и промовирање на најдобри практики кои би придонеле за јакнење на позицијата на синдикатите и поголема заштита во остварување на правата на работниците и пензионерите.

Истовремено, синдикатите и здруженијата на пензионерите на Македонија и Албанија укажаа на значењето на почитување на демократијата, соживотот, мултиетничката, социјалната и верската припадност, како основа за општествен напредок и услов на двете држави за прием во Европа и вклучување во останатите Евроатлански интеграции.

# ПРЕС- КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ (МПС)

**6.5.2015**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), Македонскиот полициски синдикат (МПС), одржа прес- конференција по повод настаните одржани пред Владата на РМ на 5.5.2015 година, каде беа повредени многу припадници на Министерството за внатрешни работи, членови на Македонскиот полициски синдикат (МПС).



Слика 1: Претседателот на МПС, Тихомир Климоски со членови на претседателството на синдикатот на МПС на прес- конференцијата

На прес-конференцијата, Македонскиот полициски синдикат (МПС) најостро ги осуди насилните активности на демонстрантите пред Владата на Република Македонија, каде беа повредени над 30 полицајци, од кои 8 поради тежината на повредите се хоспитализирани.

Претседателот на МПС, Тихомир Климоски истакна дека повредените полицајци се нивни членови и пред се луѓе, нечии родители, браќа и сестри, кои сега се во длабока траума и тага и дека со ништо не придонеле така брутално да бидат нападнати, додека ниеден од демонстрантите.

Претседателот Климоски, апелираше до структурите кои ги организираат овие немили настани сериозно да размислат при организацијата и спроведувањето на истите, особено поради фактот што притоа се ангажирани лица кои се добро познати и регистрирани во полицијата како насилни и криминални структури.

На крајот претседателот Климоски истакна: „Прагот на толеранција кој постои при секое професионално полициско постапување при вакви настани одамна е пречекорен и мора да се применат професионалните стандарди кои ги применува секоја полиција во едно демократско општество“.

Воедно Македонскиот полициски синдикат изрази длабоко сочувство и поддршка во болката која ја доживуваат повредените колеги и нивните семејства.

# ОДДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ ЗА СИНДИКАТИТЕ

**15.5.2015**

Во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог“, во организација на Меѓународната организација на трудот (МОТ) во периодот од 12 до 15 Мај 2015 година, во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржаа 2 (две) дводневни работилници за колективно договарање за организациите на работниците (синдикатите) .

Работилницата ја отвори претседателот д-р Живко Митревски, кој го истакна значењето на колективното договарање и социјалниот дијалог, како посебна придобивка на Сојузот на синдикатите на Македонија. Тој ги поздрави учесниците и укажа на потребите од вакви обуки на синдикалните лидери и членови, кои пак ќе помогнат за остварување на правата на работниците.

Модератори на работилниците беа Агниешка Гинарару, експерт на МОТ и г. Овидиу Журка, виш експерт за активностите на работниците во канцеларијата на МОТ во Будимпешта. Тие имаа презентација на целите, програмата и техничките аспекти на обуката.

Работилниците беа поделени во две сесии на кои првите два дена беа присутни и активно учество земаа членови на Синдикатот за сообраќај и врски на РМ, а на вториот, членови на Синдикатот за трговија на РМ и регионалните координатори од ССМ.

По завршувањето на работилниците, учесниците се стекнаа со вештини за колективно договарање, вклучувајќи и техники за преговарање, за различни аспекти на колективните договори и за подобрувањето на координацијата меѓу различни нивоа на колективно договарање, со примена на постојните алатки на МОТ за колективно договарање.

# РАБОТНА ПОСЕТА ВО СВ. НИКОЛЕ

**9.6.2015**



Слика 1. Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, секретарот на ССМ, Анѓелко Анѓелковски и координаторот на канцеларијата/секретар на синдикалната канцеларија во Св. Николе, Јанка Јованова

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), д-р Живко Митревски и секретарот на ССМ, Анѓелко Анѓелковски, на 9.6.2015 година остварија работна посета во синдикалната канцеларија во Св. Николе, каде што со координаторот на канцеларијата, Јанка Јованова разговараа за состојбата околу синдикалното организирање и активностите на синдикалните организации членови во гранските синдикати на ССМ како и по повеќе актуелни прашања кои се спроведуваат во рамките на програмата на ССМ.

Посебен акцент беше ставен на организирање и мобилизирање на нови членови и за актуелната состојба во АД „МОДА“ – Св. Николе.

# СГИП И ССМ ИМ ГО ЧЕСТИТААТ 20-ТИ ЈУНИ, ДЕНОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ

**19.6.2015**

По повод 20-ти Јуни, Денот на градежните работници, секоја година се одржува свечена седница на Советот на СГИП. Исто така, традиционално се одржа и средба со пензионерите, поранешните активисти на СГИП, членови кои дале голем придонес во развојот на синдикалното движење во изминатите години Република Македонија.

Во знак на почит кон поранешните синдикални активисти и првиот штрајк на градежните работници во 1936 година, се положи свежо цвеќе пред спомен одбележјето кај Градската болница во Скопје.

Ова е поттик, но воедно и гордост, за сите наши работници и членови на синдикатот да ја продолжат својата активност во остварувањата на правата на работниците во нашата држава.

# ПРОДОЛЖУВААТ РАЗГОВОРИТЕ ОКОЛУ ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОКД ЗА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО

**24.6.2015**




Слика 1. Работни тимови од ССМ и ОРМ, предводени од претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и претседателот на ОРМ, Ангел Димитров

На 24.6.2015, работните тимови во својство на преговарачи од Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) во состав од претседателите на грански синдикати од приватен сектор и овластените преговарачи од страна на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ), ги продолжија преговорите околу измените и дополнувањата на Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството.

На средбата беа изложени ставовите и видувањата по однос на овие прашања на социјалните партнери и беа дефинирани одредени предлози кои треба да бидат разгледувани пред Претседателството на ССМ и пред Управниот одбор на ОРМ.

Преговарачките тимови беа предводени од д-р Живко Митревски, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ).

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374
е-маил: info@ssm.org.mk
web: www.ssm.org.mk